РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-2500/11
19-06-2024

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК) на продолжението на 6-тата седница одржана на ден 12.06.2024 година донесе

***Одлука***

Постапката по предметот со број 08-2500/1 од 21.03.2022 година, **СЕ ЗАПИРА.**

Предметот со број 08-2500/1 од 21.03.2022 година да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на Државната комисија за спречување на корупцијата, во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

*Образложение*

Предметот со број 08-2500/1 од 21.03.2022 година е оформен по сопствена иницијатива.
ДКСК на колегиум одржан на 17.03.2022 година донесе заклучок да се отвори предмет во Одделението за следење на имотната состојба за проверка на наводите за неподнесување анкетен лист при престанок и при избор на лицето ------------------------------- за вд директор односно директор во ------------------------------.

По извршениот увид во својата евиденција констатира дека лицето ----------------------- во законски предвидениот рок по престанок односно избор на функцијата вд директор односно директор на -------------------------------------, поднела анкетен лист до Државната комисија за спречување на корупцијата.

ДКСК констатира дека нема елементи за нејзино понатамошно постапување во конкретниот случај.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Врз основа на горенаведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Изготвил: м-р Б.С., советник
Одобрил: С.Д, член

Претседател,
Татјана Димитровска